РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-3909/2
21-04-2022 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 65-та седница одржана на ден 15.04.2022 година донесе

**Одлука**

Пријавата со број 12-3909/1 од 15.08.2019 година, со наводи за сомневање за незаконито работење на претходен градоначалник на Општина ---- -----, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување поради тоа што пријавата содржи општи наводи и од увидот во истите не е констатирано прекршување на законските одредби посочени во поднесената пријава.

Предметот со број 12-3909/1 од 15.08.2019 година, да се затвори и да се архивира

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Од страна на познат подносител, на ден 03.12.2019 година, до ДКСК поднесена е пријава заведена под број 12-3909/1 од 15.08.2019 година, по која е оформен предмет со наводи за сомневање за незаконито работење на лицето ------- --------------, во својство на градоначалник на Општина ----- ----- и за преземање на дејствија од негова страна во текот на 2018 и 2019 година спротивно на Законот за основно образование како и со Законот за јавни набавки.

Предметните наводи се однесуваат на известување испратено до директорите на основните училишта на територија на Општина ---- -----, со барање пред да спроведат постапка за јавна набавка да ја испратат истата до раководителот на одделението за јавни дејности при Општината, за да се направел увид во истата. Исто така наводно било испратено и укажување потпишано од градоначалникот ------- -----------, во кое се задолжуваат директорите на Основните училишта пред објавување на било каква јавна набавка до Општина ---- ----- да поднесат барање за издавање на согласност за објавување на јавната набавка.

Подносителот на пријавата, смета дека градоначалникот на Општина ---- -----, ------- -----------, со погоре наведените дејствија ги пречекорил своите надлежности и постапил спротивно на позитивните законски норми, (*одредбите од Законот за основно образование и со Законот за јавни набавки*), а истовремено смета дека со ваквите постапки можело да се доведе во ситуација фаворизирање на одредена фирма од страна на градоначалникот.

При разгледувањето на пријавата, ДКСК ги зема во предвид наводите на подносителот и изврши проверка на одредбите од посочените закони, при што констатирано е следново:

- Согласно член 22 став (1) од Законот за локалната самоуправа,(*Листа на надлежности*), Општините се надлежни за вршење и на следниве работи:„8.Образование - основање, финансирање и администрирање на основни и средни училишта, во соработка со централната власт, во согласност со закон, организирање на превоз и исхрана на ученици и нивно сместување во ученички домови;"

Надлежностите на градоначалникот се дефинирани во член 50 од Законот за локалната самоуправа, а меѓу нив се и: 11. Решава во управни работи за права, обврски и интереси на правни и физички лица, во согласност со закон; 15. Обезбедува правилно и законито користење, одржување и заштита на сопственоста на општината, во согласност со закон и статутот и 16. Врши други работи утврдени со закон и со статутот.

- Во член 157 од Законот за основното образование е уредено финансирањето на основните училишта, од Буџетот на РСМ, а во став (3) од истиот член стои дека „Општината средствата од ставот (2) на овој член, ги распределува на основните училишта на своето подрачје за обезбедување на реализација на воспитно - образовниот процес, во согласност со утврдените стандарди и нормативи."

- Согласно Законот за јавни набавки(ЗЈН), одредбите од овој закон се применуваат и за посебни ситуации - Набавки кои ги субвенционираат или кофинансираат договорни органи – односно и на работи за изградба на болници, објекти наменети за спорт, рекреација и разонода, училишта и универзитетски објекти, како и објекти што се користат за административни цели.( член 18,став (1) точка а) алинеја 2 од ЗЈН). Во членот 61 од ЗЈН став (7) е наведено дека „Јавните набавки за потребите на органите на управата или на јавните установи чиј основач е државата може централизирано да ги спроведува договорен орган утврден со акт на Владата, а за потребите на органите на единиците на локалната самоуправа и јавните служби чиј основач е локалната самоуправа, договорен орган утврден со акт на надлежниот орган на локалната самоуправа.„ Согласно членот 77 став (1) од ЗЈН „ За потребата од јавна набавка одлучува договорниот орган."

Советот на општината донесува одлука за основање на основно или на средно училиште, по претходно прибавено мислење од Владата на РСМ, што значи дека основач на едно локално основно училиште е Општината. Градоначалникот на Општината има надлежност да обезбедува правилно и законито користење, одржување и заштита на сопственоста на општината, во согласност со Закон и статутот на Општината.

Од наведеното може да се констатира дека со ниедна законска одредба не е уредено дали може или не може да се дава писмено укажување потпишано од градоначалникот во кое се бара од директорите на Основните училишта пред објавување на јавна набавка до Општината да ја доставaт на увид, ниту пак дека училиштата треба или не треба да поднесуваат барање за издавање на согласност за објавување на јавна набавка до Општина.

Врз основа на тоа, ДКСК утврди дека нема повреда на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по што оцени дека нема елементи за надлежно постапување по овој предмет и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Нури Бајрами**

Изработил: Ј.Ц,
Одобрил : м-р В.Г,, Член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk